Уп. бр. 08-120

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Заваровалница Триглав д.д. со регистрирано седиште на Миклошичева цеста 19, СИ-1000 Љубљана, Словенија и АСЕФ Холдко САРЛ со регистрирано седиште на Руе Лоу Хеммер 8, 1748 Сеннингерберг, Луксембург преку адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.08.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Заваровалница Триглав д.д. со регистрирано седиште на Миклошичева цеста 19, СИ-1000 Љубљана, Словенија и АСЕФ Холдко САРЛ со регистрирано седиште на Руе Лоу Хеммер 8, 1748 Сеннингерберг, Луксембур ќе стекнат заедничка контрола над Арсано Медикал Груп д.о.о. со регистрирано седиште на Илица 1А, 10000 Загреб, Хрватска преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.07.2026 година, а дополнета на 07.08.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Заваровалница Триглав д.д. со регистрирано седиште на Миклошичева цеста 19, СИ-1000 Љубљана, Словенија и АСЕФ Холдко САРЛ со регистрирано седиште на Руе Лоу Хеммер 8, 1748 Сеннингерберг, Луксембур со која истите ќе стекнат заедничка контрола над Арсано Медикал Груп д.о.о. со регистрирано седиште на Илица 1А, 10000 Загреб, Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Заваровалница Триглав д.д. е матичното друштво на групацијата Триглав, која се состои од 12 осигурителни компании во Словенија и Југоисточна Европа. Основните дејности на групацијата се обезбедување осигурителни услуги, животно и неживотно осигурување (осигурување од несреќи, здравствено осигурување и други видови на осигурување) и реосигурување.

Заваровалница Триглав д.д. обезбедува услуги во Република Северна Македонија преку своите зависни друштва Триглав Осигурување АД, Бул. 3-та Македонска бригада бр. 36, 1000 Скопје; Триглав Осигурување Живот АД, Бул. 3-та Македонска бригада бр. 36, 1000 Скопје; Триглав пензиско друштво АД, Булевар 8-ми Септември бр. 18, кат 2, 1000 Скопје и Триглав, управување со недвижности ДООЕЛ Скопје, Даме Груев 8/5, 1000 Скопје.

АСЕФ Холдко САРЛ е холдинг компанија основана во Луксембург која служи како инвестициски инструмент на фондот за приватен капитал Адриатик Стракчрд Еквити Фанд АСЕФ СЦСп ("ПКП Фонд I"), кој е советуван од Провектус Кепитал Партнерс д.о.о. ("ПКП"). ПКП е водечка независна инвестициска фирма во Југоисточна Европа, основана во 2018 година. ПКП советува два фонда за приватен капитал со седиште во Луксембург – првиот фонд ПКП Фонд I од 2020 година и вториот фонд ПКП ЈИЕ Фонд II СЦСп ("ПКП Фонд II") од 2025 година, кои инвестираат во мнозински удели на компании низ регионот. Двата фонда за приватен капитал советувани од ПКП собраа над 260 милиони евра од институционални инвеститори (ЕБОР, ЕИФ, пензиски фондови, осигурителни компании, банки, итн.) и инвестираа во 8 платформи во Хрватска, Словенија и Романија, и заедно имаат приближно 1.900 вработени.

Групацијата на ПКП, вклучувајќи ги и нејзините контролирани портфолио друштва, немаат регистрирани субјекти или дејности во Република Северна Македонија.

Арсано Медикал Груп д.о.о. е холдинг компанија на групација активна во областа на приватните здравствени услуги. Мрежата на Арсано Медикал Груп се состои од специјалните болници, поликлиниките и другите здравствени установи во Хрватска и обезбедува широк спектар на здравствени услуги, вклучувајќи превентивни, специјалистичко-консултативни, дијагностички, хируршки, рехабилитациски и други здравствени услуги.

Арсано Медикал Груп д.о.о. се состои од следниве друштва, сите со седиште во Хрватска: Арсано Медикал д.о.о., Арсано Медикал Груп д.о.о., Неомедик д.о.о., Специјална Болница д-р Немец, Аритера д.о.о., Специјална болна Аритера, Орто-Артро д.о.о., Арсано Адриа д.о.о., АСЕФ Авива д.о.о., Поликлиника Авива, Поликлиника Уро центар, Установа Прима Нова, Ј.Д.Д. Ресоно д.о.о., Поликлиника за радиологија и невролошка дијагностика 2000, Арсано Офталмо д.о.о. и Поликлиника Риц Нова.

Арсано Медикал Груп д.о.о. нема зависни друштва, филијали или претставништва во Република Северна Македонија и не остварува никаков промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**